Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/09, бр.158/2010) Градоначалникот на Општина Кочани, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на уништување на документи, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Општина Кочани

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на уништување на документи, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Општина Кочани, во својство на Контролор.

**Член 2**

Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин при што истите повторно не можат да бидат употребливи.

За уништувањето на документите во хартиена форма кои содржат лични податоци се формира Комисија која составува Записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документацијата, како и за категориите на лични податоци содржани во истата.

**Член 3**

Комисијата се формира по Решение од страна на Градоначалникот на Општина Кочани и е во состав од Претседател на Комисијата и два Члена.

Претседателот и членовите од Комисијата се со еднакви права и одговорности и сите се потписници на Записникот.

**Член 4**

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определниот рок за чување, медиумот се уништува, се брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 3 на овој член се составува Записник од страна на овластеното лице, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на усвојување и истиот ќе биде објавен на интернет страницата на Општина Кочани.

Бр.03-2859/1
од 19.12.2011 година
Кочани

**Градоначалник**
**на Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

________________________

Изработил:
Драган Ананиев